**Г р а д   С к о п ј е**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за заштита на животната средина |
| **Претставник:** | Секретар на Град Скопје |
| **Повереник:** | Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина |

# Предлог - Програма

## на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година

Скопје, февруари 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на својата ______ седница, одржана на ______ 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

**на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година**

## ***I.ВОВЕД НА ПРОГРАМАТА***

Заштитата на животната средина и зачувувањето на природата се основни уставни вредности на Република Северна Македонија. Секој има право на здрава животна средина, како и одговорност да ја штити и подобрува.

Една од надлежностите на Град Скопје согласно Законот за градот Скопје е заштитата на животната средина. Врз основа на Законот за животната средина, како и Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за енергетска ефикасност, кои се однесуваат на конкретни медиуми или области на животната средина, и нивните подзаконски акти, се утврдуваат ингеренциите на Градот Скопје во областа на заштитата на животната средина, односно наведените медиуми и области.

Активностите на Градот Скопје во областа на животната средина произлегуваат и од пошироката правна регулатива, која ги опфаќа јавното здравје, управувањето со отпад, шумарството, ловот, риболовот, органското земјоделство, производството на храна, безбедноста на производи, безбедниот транспорт и др.

## ***II. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА***

Главна цел на Програмата е заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина, природата и во енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија на подрачјето на Град Скопје за 2023 година преку конкретни активности во рамките

на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот и климата) и сите елементи кои претставуваат неделлива целина од животната средина.

Со оваа Програмата се дефинираат активностите, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат, роковите на реализација и потребните финансиски средства.

## ***<u>III.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ</u>***

Со Програмата се предвидени активности кои Град Скопје ќе ги реализира во насока на:

- следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите и областите на животна средина,
- заштита на природните вредности,
- интегрирање на прашањата за заштита на животната средина,
- подобрување на здравјето и благосостојбата на граѓаните и подигање на јавната свест за значењето на животната средина.
- спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

### ***<u>III.1 Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина</u>***

#### ***<u>III.1.1 Воздух</u>***

**Цели:**

- Подобрување на квалитетот на воздухот во градот Скопје, а со тоа и заштита на здравјето на луѓето,
- Добивање податоци и следење на квалитетот на амбиентниот воздух,
- Намалување на загадувањето од сообраќајот,
- Намалување на загадувањето од затоплувањето на домаќинствата.

**Активности:**

- Одржување и сервисирање на аирпоинтер,
- Субвенционирање на јавниот превоз во денови на алармантно загадување на воздухот (при активирање на краткорочниот акционен план за алармантна состојба на воздухот усвоен од страна на Советот на Град Скопје),
- Креирање на градска мрежа на мониторинг станици за аерозагадување.

Активностите по точка 1 и 3 ќе се спроведат согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Активноста по точка 2 се реализира по потреба при прогласување на алармантна состојба.

**Финансиски средства:**
Буџет на град Скопје за 2023 година, Програма Р1, износ: 6.500.000 денари, и Програма РА0, износ: 3.000.000 денари.

Се вкупно финансиски средства 9.500.000 денари.

## ***III.1.2 Вода и Почва***

**Цели:**

- Следење на квалитетот на почвите во Скопскиот регион,
- Идентификување на мерки за заштита на земјиштето од загадување,
- Идентификување на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија,
- Следење на спроведувањето на предложените мерки за заштита од загадување и ерозија на почвата,
- Добивање податоци и следење на квалитетот на водата за пиење,
- Заштита на изворите за водоснабдување на град Скопје,
- Заштита и континуиран мониторинг на подземните води кои ги хранат изворите за водоснабдување на град Скопје,
- Следење на извршените анализи и испитувања на алтернативни извори за водоснабдување.

**Активности:**

- Изготвување на техничка документација за определување на границите на ерозивни подрачја и подрачја загрозени од ерозија во границите на Заштитен предел Водно, со специфицирање на мерки и активности за заштита - *согласно Одлука за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел*.
- Набавка на биокомпостари- автоматизирани и дигитализирани машини за претворање на биоотпадот во органско ѓубриво (компост)

Активностите по точка 1 и 2 ќе се спроведат согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Финансиски средства**:

Буџет на град Скопје за 2023 година, Програма Р1, износ: 1.000.000 денари и програма РА, износ: 10.000.000 денари и

Се вкупно финасиски средства 11.000.000 денари

### ***III.2 Заштита на природните вредности***

### ***III.2.1 Унапредување на зеленилото***

**Цели:**

- Заштита и одгледување на зелените површини во заштитените подрачја на град Скопје
- Зголемување на содржините и намените во зелените површини преку уредување на просторот во заштитените подрачја
- Обезбедување поуреден и подостапен простор за посетителите

**Активности:**

- Уредување на Споменик на природата Кањон Матка.

Активноста ќе биде спроведена преку Јавните Претпријатија основани од страна на Град Скопје.

**Финансиски средства:**
Буџет на град Скопје за 2023 година, Програма РА0, износ 1. 000.000 денари.

### ***III.2.2 Заштитени локалитети***

**Цели:**

- Постигнување на повисок степен на заштита и унапредување на заштитените локалитети: Споменик на природата Кањон Матка, Заштитен предел Водно и Парк на природата Гази Баба
- Реализација на активностите произлезени од законските акти за заштитените локалитети
- Заштита на биодиверзитет на подрачјето на град Скопје
- Создавање услови за безбеден престој, спорт и рекреација

**Активности:**

- Изработка на Просторен план за Заштитен предел Водно,
- Изработка на Просторен план за Споменик на природата Кањон Матка,
- Функционирање на спасителните станици на Водно и Кањон Матка за овозможување безбеден престој на посетители.

Активностите по точка 1 и 2 ќе се спроведат согласно Договорот склучен врз основа на претходно потпишан Меморандум за соработка помеѓу Град Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот, додека Активноста од точка 3 ќе се спроведе согласно Договор склучен со Црвен Крст на Град Скопје.

**Финансиски средства:**
Буџет на град Скопје за 2023 година, Програма P1,  износ 2.500.000 денари

***III.3 Интегрирани проекти за заштита на животната средина***

**Цели:**
- Постигнување интегриран пристап за заштита на животната средина,
- Реализација на конкретни активности во надлежност на Град Скопје, произлезени од Законот за животната средина.
- Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина, одговорен Сектор за заштита на животната средина,

**Активности:**
- Прибавување стручни мислења во врска со елаборати за заштита на животната средина и Б интегрирани еколошки дозволи,
- Имплементација на Интегриран менаџмент систем за животна средина (ISO14001),
- Изработка на Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина за ГУП 2022-2032.
- Ангажирање на експерти со цел организирање и спроведување на шест тематски јавни расправи како дел од процесот за усвојување на ГУП 2022-2032

Активностите пио точките 1,2,3 и 4 ќе се спроведат согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Финансиски средства:**
Буџет на град Скопје за 2023 година, Програма P1, износ 3.690. 000 денари.

***III.4  Спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.***

**Цели:**
- Намалување на потрошувачката на енергија и истовремено подобрување на состојбата во рамките на енергетска ефикасност на објектите под надлежност на Град Скопје.
- Поголема достапност и зголемен проток на информации за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во согласност со потребите и интересите на граѓаните за најновите технолошки пракси и нивна примена.

**Активности:**

- Реконструкција на објекти за намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на нивото и квалитетот на јавните објекти под надлежност на Град Скопје
- Инфоцентар за Енергетска ефикасност

Активноста по точка 1 ќе биде спроведена согласно Јавниот повик од страна на проектната единица во рамките на Министерство за финансии и истата е составен дел од Планот за енергетска ефикасност за 2023 година.

**Финансиски средства:**

Средствата за активноста по точка 1 ќе се обезбедат како долгорочно позајмување и потпишување на Договор за под-заем со Министрерство за финансии по донесување на Одлука на Совет на Град Скопје за одобрување на истото. Вредноста на финасиската подршка може да варира од 50.000 до 750.000 евра и истата зависи од слободниот капацитет за задолжување на Град Скопје и проценетата инвестициска вредност на предложениот проект. Финансиските средства во износ од 80% ќе бидат како долгорочно позајмување, а во износ од 20% грант.

***<u>III.5 Субвенционирање на граѓани за унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух и подобрување на енергетската ефикасност</u>***

**Цели:**

- Подобрување на квалитетот на воздухот во градот Скопје, а со тоа и заштита на здравјето на луѓето,
- Намалување на загадувањето од сообраќајот,
- Намалување на загадувањето од затоплувањето на домаќинствата,
- Подигнување на јавната свест кај граѓаните за енергетска ефикасност.
- Намалување на трошоците за електрична и топлинска енергија на објекти.

**Активности:**

- Субвенционирање за поекономични форми на загревање,
- Субвенции за граѓани - набавка на велосипеди, електрични тротинети,
- Субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на град Скопје за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци за 2023 година,
- Субвенционирање на ѓраѓани од социјално загрозени категории за замена на азбестните кровови, енергеско ефикасни кровови со цел намалување на трошоците за загревање на домот и намалување на трошоците на социјално ранливите категории во време на економска и енергетска криза

Активностите по точките 1,2,3 и 4 ќе се реализираат преку Јавен Повик.

**Финансиски средства:**
Буџет на Град Скопје за 2023 година, Програма Р1, износ: 38.000.000 денари.

***IV. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА***

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за заштита на животната средина.

***V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Град Скопје.

Бр. ___________
С К О П Ј Е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), една од надлежностите на градот е заштитата на животната средина.

Програмата има за цел да ги детектира, дефинира и имплементира активностите и мерките поврзани со заштитата на животната средина, здравјето и благосостојбата на граѓаните.

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина и во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој.

Анализите на степенот на загадување во медиумите на животната средина на годишно ниво, вклучувајќи ги и мерките кои се превземаат за заштита на истите, овозможуваат увид во поврзаноста помеѓу индустрискиот развој, состојбата и квалитетот на животната средина, активно следење на евентуалните промени во медиумите и областите на животната средина, односно влијанијата врз здравјето на човекот, и создаваат добра основа за креирање на одржлива политика за заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на животот во иднина. Нашата држава во иднина се повеќе ќе биде зависна од увозот на енергија како резултат на ограничените извори на комерцијални енергетски резерви. Оваа зависност може да се ублажи со превземање на мерки во областа на енергетска ефикасност, со цел да и се помогне на домашната економија преку намалување на трошоците поврзани со увозот на енергија чија цена на светскиот пазар е со растечка тенденција, а со тоа би се продолжило траењето на домашните енергетски резерви.

Препознавајќи ја потребата за промена на постојните трендови и практики кои влијаат на животната средина,  врз основа на потребата за промена и одржливост, Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина се темели на следните принципи:

- Целите за животна средина и климатски промени можат да се постигнат само доколку заштитата на животната средина ги интегрира областите кои предизвикуваат штети врз животната средина;

- Заштитата на животната средина мора да се темели на поделена одговорност, бидејќи само со целосна соработка на засегнатите страни може да се постигнат договорените мерки;

- Унапредувањето на животната средина подразбира користење на механизми и инструменти за заштита на истата, како и поттикнување доброволен пристап кој се заснова на свесноста за секојдневните потреби за активна грижа за животната средина.

При разгледувањето на оваа Програма треба да се има предвид дека заштитата на животната средина подразбира широк спектар на делување во сите медиуми, а многу често е невозможно да се повлече јасна граница помеѓу активностите на заштитата на животната средина и активностите во некоја друга област. Поделбата главно се сведува на формална диференцијација преку дефинирање на надлежностите на различни нивоа на управа, па така и во рамките на самата локална самоуправа, каде на проблемите на животната средина работат повеќе сектори и јавни претпријатија.

Врз основа на горенаведеното се предлага на Советот на Град Скопје да ја усвои оваа Програмата на аквитвности од областа на заштита на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година.